ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 20-51/5
12.01 20 12 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

Од состанокот на Комисијата за јавни набавки за спроведување на постапка за набавка со преговарање без предходно објавување оглас, одржан на 10.01.2012 година

Комисијата за јавни набавки во полн состав: Ратко Савовски – претседател, Горан Мицевски – член и Гоце Грујоски – член; се состана согласно Решението бр.08-5388/1 од 26.12.2011 година за спроведување на постапка за набавка со преговарање без предходно објавување на јавен оглас со:

- Авторот на наградениот конкурсен труд заведен под работен /деловоден/ бр.08-4740/1 од Миле Брцески од Прилеп, од Конкурсот бр.04/11 објавен во дневните весници, „Дневник„ и „Вест„ на ден 03.10.2011 година, за изработка на Идеен проект за подигање на спомен обележје за „Павел Шатев„ во Скопје.

## ИЗВЕШТАЈ
## од постапката со преговарање со Миле Брцески–автор на прво наградениот конкурсен труд за изработка на Идеен проект за подигање на спомен обележје на „Павел Шатев„

Комисијата за јавни набавки врз основа на добиениот Извештај бр.08-51/4 од 11.01.2012 година од надворешните стручни лица, ја разгледа втората понуда на авторот Миле Брцески од Прилеп, за изведба на спомен обележје – споменик на Павел Шатев во Скопје и констатира дека Авторот постапил по сугестиите на Комисијата и надворешните стручни лица и во втората понуда под бр.08-51/3 од 10.01.2012 година го намалил понудениот износ за изработка на скулптурата на 84.000,00 евра.

Комисијата заклучи дека сите забелешки се прифатени од страна на Авторот и препорачува на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ја прифати понудата бр.08-51/3 од 10.01.2012 година, во износ од 84.000,00 евра, со рок на реализација од 6 (шест) месеци и со авторот Миле Брцески да потпише Договор за изработка на идеен проект и изработка на скулптура.

Записничар
Виктор Узуновски

Комисија за јавни набавки
Претседател
Ратко Савовски